## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА МНЗА
## (за периодот мај 2001 - мај 2002 г.)

**Јуни 2001 во Брисел** - Зачленување на МНЗА во Европската асоцијација European Association of Service Providers for People with Disabilities (EASPD).

**Ноември 2001** - Склучен договор за соработка со здружението на граѓани од Белград "ДАР".

**Јануари 2002** - Склучен договор за соработка со "Рубикон", НВО од Скопје.

**Јануари-Мај 2002-** Подготовка и печатење на брошура **Правата на лицата со аутизам во Македонија**.

**Март 2002** - Асист. д-р Владимир Трајковски и официјално избран за член на бордот во European Association of Service Providers for People with Disabilities.

**Април 2002** - Прифатена апликацијата на проф. д-р Љупчо Ајдински во Советот на администрацијата на Autisme-Europe.

**Април 2002** - Учество на Живка Димитровска на работилницата за спроведување на Стратегијата за намалување на сиромаштијата, организирана од Министерството за финансии.

Апликација и реализација на **проекти:**

- **ХЛА-ДНК испитувања кај фамилии со аутизам во Република Македонија** финансиски поткрепен од Министерството за образование и наука на Република Македонија (07-1171/4 од 02.07.2000) (**во тек**);
- **Правата на лицата со аутизам во Република Македонија** дониран од Македонскиот центар за меѓународна соработка- невладина организација која работи на одржливиот развој на човечките ресурси во РМ (број 08-698/2 од 12.12.2001) (**во тек**);
- **Епидемиолошка студија на лицата со аутизам во Република Македонија-**во Министерство за финансии (**завршен**);
- **Одредување на преваленцијата и инциденцијата на лицата со аутизам во Република Македонија- пријавен** во Министерство за финансии на 4.02.2002 год;
- **Специјална диета за децата со аутизам - пријавен** во Институтот за трајни заедници на 04.02.2002 год;
- **Македонски национален регистер за лица со аутизам** - Министерство за здравство од 30.08.2001 год. (**одбиен**).

Учество на МНЗА како партнер во европски проекти на асоцијацијата ЕАСПД:

- **Tolerance and acceptance**, од март 2002 год. (**во тек**);
- **Europe is a place to live**, од октомври 2001 год. (**во тек**).

**Од јуни 2001 до мај 2002 година објавени 3 нови труда за аутизмот**:

1. **Трајковски В**. Аутизмот на Интернет. *Дефектолошка теорија и практика*. Скопје, 2000; 3-4: 124-131.
2. Копачев Д, **Трајковски В**. Аутизам и туберозна склероза. *Дефектолошка теорија и практика*. Скопје, 2000; 3-4: 84-89.
3. **Трајковски В**. Имуногенетски аспекти аутизма. *Београдска дефектолошка школа*. Београд, 2001; 2-3: 88-96.

**Учество на семинари и конгреси во земјата и странство**:

**Трајковски В.** International Conference for Autism and Pervasive Developmental Disorders: “Reaching New Horizons”, Barcelona, Spain, 23-25.11.2001;
**Трајковски В, Јурхар-Павлова М, Ајдински Љ, Спироски М.** Плазма концентрација имуноглобулинских класа и субкласа код деце са аутизмом у Републици Македонији. *Зборник резимеа радова - Дани дефектолога Југославије*. Херцег Нови, 10-14 Јануари, 2002;
**Трајковски В.** Info Share Symposium, “The Raibow project”, Louvain, Bremberg, Belgium, 21-23.03.2002.

Во изминатиот период воспоставена е успешна соработка со центри и здруженија за аутизам од Белград, Нови Сад, Риека, Загреб и други бивши југословенски центри.

Претседател на МНЗА,
Проф. д-р Љупчо Ајдински

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА МНЗА**
**(за периодот мај 2001 - мај 2002 г.)**

Во врска со договорот за подршка на проект МЦМС го има одобрено документот за проект (Одлука бр. 08-698/2 од 12.12.2001 г.) и се согласи да го финансира проектот **Правата на лицата со аутизам во Република Македонија** со учество од **140.000 МКД**.

На 14.12.2001 година од страна на МЦМС се префрлени 70.000 МКД на жиро сметката на Македонското научно здружение за аутизам. На 20.02.2002 год. се префрлени уште 40.000 МКД.

Во врска со одлука на Влада на Република Македонија 23-7146/3 од Министерството за финансии за проектот **Епидемиолошка студија на лицата со аутизам на РМ** се префрлени 50.000 МКД.

| | |
|---|---|
| Вкупно приходи од проекти | **160.000 МКД**. |
| Камата од Комерцијална банка | **736 МКД**. |
| **Вкупни приходи** | **160.736 МКД** |

Финансиските средства се употребени на следниот начин:

- Уредување на брошура Правата на лицата со аутизам во РМ
  (Македонска авторска агенција) **60.000 МКД**
- Креирање база на податоци, нивна обработка и складирање
  (Македонска авторска агенција) **50.000 МКД**
- Годишен завршен извештај
  (Централен регистар на РМ-Скопје) **1.200 МКД**
- Данок на финансиски трансакции
  (платено по автоматизам) **1.406 МКД**
- Провизија Комерцијална банка
  (платено по автоматизам) **797 МКД**

**Вкупно расходи** **113.403 МКД**

**Моментална состојба на сметката** **47.333 МКД**

Претседател на МНЗА,

Проф. д-р Љупчо Ајдински